| Предмет: Математика | |
|---|---|
| Тема: БРОЕВИ И БРОЕЊЕ Вкупно часови: 50 Време за реализација | |
| Изготвиле: Билјана Чурлевска Маневска | од ОУ: “Коле Канински” Битола |
| Адаптирале: | од ОУ: |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Броеви до 30 (број, количина, цифра)** | • Брои по ред (од 1 до 100, наназад од 20 до 0).<br>• Брои предмети до 20 и го поврзува количеството предмети со соодветниот број.<br>• Брои по десет од 0 до 100.<br>• Прави разумна проценка за број на некои предмети што може да се провери со броење до 30. | 6 | • Наставникот покажува една по една картичка со броеви, а учениците поставуваат соодветно количество предмети на клупата.<br>• Наставникот на секој ученик му дава картичка со број помал од 20, а учениците во парови ја продолжуваат низата, усно или писмено.<br>• Наставникот користи, на пример, закачалка и 10 штипки за да ги покаже и објасни паровите броеви чиј збир е, на пример, 10.<br>• Учениците во мали групи играат игри со празно картонско пакување за 10 јајца, жетони или капачиња и ги откриваат паровите на броеви чиј збир е, на пример,<br>• Учениците во парови извлекуваат неколку карти со броеви, а потоа го наведуваат бројот што е за 1 поголем или помал од оној на извлечената карта со напишан број. | • Табела стотка со броеви, бројни низи, карти со броеви, картички со зборови и поими, празни ленти и ненумерирани низи од хартија, лизгачки ленти со броеви, низи со броеви, сметалки, абакус (бројалка со дрвени топчиња), цртежи, картони со отпечатени симболи (< , > , =), тркало со броеви, графикон со месна вредност, математички плочки. | • усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>• одговорите дадени во наставните листови;<br><br>• практичните изведби (читањето, пишувањето);<br><br>• домашните задачи; одговорите на квизови (куси тестови) кои се дел од поучувањето. |
| | • Чита и пишува цифри од 0 до 9. | 10 | • Секој ученик со прст пишува цифри од 0 до 9, и тоа во воздух, на брашно, песок, снег и сл.<br>• Учениците користат пластелин, конец, топчиња, капачиња, семиња, цевки, волница за да моделираат броеви.<br>• Учениците, во парови, идентификуваат и бројат објекти во училишниот двор. | • Кутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи | • усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• одговорите дадени во наставните листови;<br>• практичните изведби (читањето, пишувањето);<br>• домашните задачи;<br>• одговорите на квизови (куси тестови) кои се дел од поучувањето. |
| | • Запишува броеви до 20. | 8 | | | |
| | • Именува парови броеви чиј збир е 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10. | 10 | • Учениците играат во парови: едниот пишува на грбот на другарчето број, а другиот погодува кој број е напишан. | | |

resursi.literatura.mk

obrazovanie.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Споредување на броеви до 30 (поголем, помал, повеќе, помалку)** | • Ги користи поимите поголем или помал за да спореди два броја до 30 и кажува број кој се наоѓа помеѓу нив. | 2 | • Наставникот меша картички со броеви, а учениците ги собираат картичките и ги подредуваат броевите од 1 до 10, до 20. | • Кутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи | • усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; |
| | • Ги користи поимите повеќе или помалку за споредување на групи предмети до 30.<br><br>• Подредува броеви до најмалку 20 на низата на броеви | 4<br><br>2 | • Наставникот им задава на учениците проблемска ситуација, на пример, им дава картички со броеви и задачи. Пример: „Секој нека ми покаже број што е поголем од 6 и помал од 9“; „Секој нека ми покаже број поголем од 9 и помал од 13“ и сл.<br>• Учениците, поделени во парови, со користење на табела 100 бројат нанапред десетки до 100.<br>• Учениците, поделени во парови, со користење на табела 100 определуваат вредности за 1 повеќе, за 1 помалку, за 10 повеќе, за 10 помалку<br>• Учениците, во парови, прават бројни низи со нижење различни макарони во боја на неколку начини. | • Кутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи (капачиња, макарони, дрвени стапчиња и сл.) кои ќе помогнат во броењето, молив, хартија, линијар, ножици, лепак, различни видови материјали за правење примероци (волница, ластичиња, конец, закачалки, штипки, кошнички, пластелин, семиња, лисја, камчиња и сл.) | • усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• одговорите дадени во наставните листови;<br>• практичните изведби (читањето, пишувањето);<br>• домашните задачи;<br>• одговорите на квизови (куси тестови) кои се дел од поучувањето. |
| **Парни и непарни броеви (парен, непарен)** | • Брои по 2 до 20 и по 10 до 100.<br><br>• Препознава парни и непарни броеви до 20 (на пример, 2, 4, 6... или 1, 3, 5...).<br><br>• Прави разлика меѓу парни и непарни броеви до 20.<br><br>• Наведува број за два поголем или за два помал од еден број до 20. | 2<br><br>2<br><br>2<br><br>2 | • Учениците од торбичка извлекуваат картичка со броеви и погодуваат дали бројот е парен или непарен.<br>• Учениците, во парови, користат мали предмети (пример: капачиња, макарони во боја) за да формираат низа „зголеми за 2“.<br>• Наставникот ја започнува играта за погодување: учениците треба да дадат проценка колку предмети има во проѕирната тегла, а потоа проверуваат со броење на предметите. | • Кутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи | • усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• одговорите дадени во наставните листови;<br>• практичните изведби (читањето, пишувањето); |
| | | | Учениците поединечно обојуваат модели на 2Д-форми во низа по некое правило. | • Кутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи | • домашните задачи;<br>• одговорите на квизови (куси тестови) кои се дел од поучувањето. |
| Оценување на наученото | | | • За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување).<br>• Сумативната оценка се изведува врз основа на целокупните податоци добиени од следењето на постигањата на ученикот и формативното оценување преку користење на различните техники на формативното оценување, при што наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно во рамки на секое програмско подрачје. | | |

resursi.literatura.mk obrazovanie.literatura.mk

ДОПОЛНИТЕЛНИ ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ:
- Вежбанка за графомоторички вежби (одобрена од МОН)
- Учиме математика со Софија, Броеви до 10
- Учиме математика со Софија. Мерки и форми
- Картички Календар и време
- Картички Фигури и простор
- Домино картички
- Бројни картички (броеви од 1 до 20)
- Работни листови за сечење и лепење
- Работни листови со активности































